Уп. бр. 08-9

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Триглав здравје асистенца, друштво за здравствена дејност, д.о.о., со седиште на Дунајска цеста 22, 1000 Љубљана, Словенија, преку Адвокатско друштво Кнезовиќ и соработници од Скопје, на седницата одржана на ден 31.01.2024 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Триглав здравје асистенца, друштво за здравствена дејност, д.о.о., со седиште на Дунајска цеста 22, 1000 Љубљана, Словенија ќе стекне контрола над ЕСКУЛАП друштво за здравствени услуги, д.о.о., со седиште на Ределонгхијева улица 12, 1000, Љубљана, Словенија, прку купопродажба на удел, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да платиа административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 09.01.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од Триглав здравје асистенца, друштво за здравствена дејност, д.о.о., со седиште на Дунајска цеста 22, 1000 Љубљана, Словенија со која Триглав здравје асистенца, друштво за здравствена дејност, д.о.о., ќе стекне контрола над ЕСКУЛАП друштво за здравствени услуги, д.о.о., со седиште

на Ределонгхијева улица 12, 1000, Љубљана, Словенија, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Триглав здравје асистенца, друштво за здравствена дејност, д.о.о**., е контролирано друштво од Триглав, здравствена заваровалница д.д., и со кое заедно со другите друштва ја сочинуваат Триглав Групата на друштва („Триглав Група“)

Заваровалница Триглав е крајно матично друштво на Триглав Групата. Групацијата Триглав е водечка осигурителна и финансиска групација во Словенија и во регионот Адриа и една од водечките Групи во Југоисточна Европа.

Групата работи на седум пазари и во шест земји. Понатаму, работи во поширокото меѓународно опкружување преку партнерства со странски осигурителни брокерски и агенциски компании, како и со реосигурувачи.

Главниот бизнис на Триглав здравје асистенца, друштво за здравствена дејност, д.о.о., е обезбедување на медицинска помош и останати медицински дејности.

Триглав Групата има три поврзани друштва во Република Северна Македонија:

1. Триглав Осигурување АД Скопје, со адреса на бул. 8ми септември бр. 16 Скопје со приоритетна дејност – неживотно осигурување
2. Триглав Осигурување живот АД Скопје со адреса на бул. 8-ми септември бр. 18/2 кат, со приоритетна дејност – осигурување на живот, и
3. Триглав Пензиско друштво АД Скопје со седиште на бул. 8-ми септември бр. 18/2 кат, со приоритетна дејност – дејности на управување со фондови

**ЕСКУЛАП друштво за здравствени услуги, д.о.о**.,врши услуги како педијатриска ординација врз основа на добиени концесии.

ЕСКУЛАП друштво за здравствени услуги, д.о.о.,нема регистрирани поврзани друштва, подружници или филијали на пазарот во Република Северна Македонија, ниту остварило било каков приход во 2022 на пазарот во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа

под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**